Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21 и 99/22), а согласно одредбите од Статутот на Макстил АД Скопје (арх.бр. 0201-610 од 16.07.2020 година), Собранието на акционерското друштво на седницата одржана на ден 10.07.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за одобрување на голема зделка - склучување на Анекс бр. 20 кон Договор за мултивалутна кредитна рамка (Арх. бр. 18-В/3351) склучен на ден 20.11.2014 година со Стопанска Банка АД Скопје**

1. Се одобрува голема зделка, која што се состои во дополнително задолжување и заложување на недвижен и подвижен имот на Макстил АД Скопје во корист на Стопанска Банка АД Скопје (СТБ), преку зголемување на кредитната рамка утврдена со Договор за мултивалутна кредитна рамка (Арх. бр. 18-В/3351) склучен на ден 20.11.2014 година со СТБ и сите деветнаесет Анекси склучени кон овој договор.

2. Се одобрува склучување на Анекс 20 на Договорот за мултивалутна кредитна рамка склучен со СТБ под следните услови:

- зголемување на износот на кредитната рамка од 29.500.000,00 ЕУР на 34.500.000,00 ЕУР,
- продолжување на рокот на важење на кредитната рамка, со краен рок на пристигнатост на побарувањата до 31.12.2035 година,
- обезбедување на нови меници со клаузула "без протест" уредени со нотарски акт со клаузула на извршност, со цел да послужат како инструмент за обезбедување на наплата на вкупните побарувања (главен долг, камати, трошоци) на СТБ кои произлегуваат од Договорот за мултивалутна кредитна рамка со сите анекси кон Договорот;
- издавање на нова корпоративна гаранција од гарантот Duferco International Trading Holding S.A.;
- засновање на заложно право во корист на СТБ заради обезбедување на максималниот износ на побарувањата кои произлегуваат од Договорот за мултивалутна кредитна рамка со сите анекси кон истиот, над следниот недвижен и подвижен имот:

  Недвижен имот - земјиште евидентирано во Имотен лист бр. 47905 КО Гази Баба;
  Недвижен имот - земјиште евидентирано во Имотен лист бр. 47661 КО Гази Баба;
  Недвижен имот - Валавница со пратечки објекти: производна хала, мазутна станица, управна зграда и пумпна станица, запишани во имотен лист број 4967 за КО Гази Баба;
  Недвижен имот – Челичана со пратечки објекти: производна хала, стрипер хала и управна зграда, запишани во имотен лист број 4967 за КО Гази Баба;
  Подвижни предмети - процесна опрема во погонот Челичана,
  Подвижни предмети - опрема за топло валање на лимови во погон Валавница, со вкупна вредност од 15.290.000,00 ЕУР

Акционерско друштво за производство, и трговија со производи на црна металургија "МАКСТИЛ" Бр. 0201-1488/01 10.07.23 год. СКОПЈЕ

Подвижни предмети - опрема со вкупна вредност од 673.900,00 ЕУР.
Подвижни предмети - залиха на топло валан дебел лим со вредност од минимум 3.515.000,00 ЕУР;
Подвижни предмети - филтерска постројка за третман на гасовите во погонот Челичана, со вкупна вредност од 4.750.000,00 ЕУР.
Подвижни предмети - опрема и машини со вкупна вредност од 1.926.000,00 ЕУР

3. Во случај на расходување на дел од подвижните предмети утврдени во оваа одлука кои служат за обезбедување на побарувањата на СТБ согласно Договорот за мултивалутна кредитна рамка со сите анекси, се дава согласност, Макстил АД Скопје да заснова заложно право над други подвижни предмети прифатливи за СТБ со вредност утврдена од овластен проценител на СТБ.

4. Заради обезбедување на наплата на вкупните побарувања по основ на Договорот за мултивалутна кредитна рамка и Анекс бр. 20, Макстил АД Скопје се обврзува по стекнување на правото на сопственост над земјиштето поврзано со недвижниот имот, врз истото да заснова заложно право во корист на СТБ.

5. Се овластуваат лицата: (1) Димитар Цветковски, Претседател на Одборот на директори, (2) Марија Дуковска-Павловска, Генерален директор и (3) Петар Јанески, Извршен директор, да ги преземат сите дејствија за реализација на Договорот за мултивалутна кредитна рамка помеѓу СТБ и Макстил со број 18-В/3351 од 20.11.2014 година, и анексите кон истиот, како и да ги потпишат следните документи и акти:

- Анексот број 20 кон Договорот за мултивалутна кредитна рамка помеѓу СТБ и Макстил со број 18-В/3351 од 20.11.2014 година,
- сите поединечни барања за користење на средства од горенаведениот Договор и Анекси 20,
- мениците утврдени во договорот кои Макстил АД Скопје треба да ги издаде заради обезбедување на побарувањата на СТБ,
- сите нотарски акти/анекси кон нотарски акти за засновање на заложно право и уредување на права и обврски по меници,
- сета потребна писмена документација поврзана со реализацијата на Договорот за мултивалутна кредитна рамка помеѓу СТБ Макстил со број 18-В/3351 од 20.11.2014 година.

Овластувањата за горенаведените лица се издаваат согласно Одлуката на Одборот на директори на Макстил број 0202-1911/01 од 12.10.2022 година.
Горенаведените лица се овластени да издадат полномошно на друго лице, со кое што ќе ги пренесат делумно или целосно овластувањата од оваа одлука.

6. Доколку по склучувањето на овој Анекс 20 кон Договорот за мултивалутна кредитна рамка потребно е да се донесе било каква одлука од надлежен орган на Макстил која се однесува на реализирањето на овој Договор и Анексите склучени кон истиот или на промена на правата и условите утврдени во истите, се овластува Одборот на директори на Макстил самостојно и без ограничување во име на Собранието на акционери на Макстил да ги носи таквите одлуки и да ги овласти лицата (1) Димитар Цветковски, Претседател на Одборот на директори, (2) Марија

Акционерско друштво за производство и трговија со производи на црна металургија "МАКСТИЛ" Бр. 0201-1483/01 10.07.23 год. СКОПЈЕ

Дуковска-Павловска, Генерален директор и (3) Петар Јанески, Извршен директор да ги преземат сите потребни дејствија и да ги потпишат сите потребни документи за имплементација на измените и дополнувањата, а кои што се однесуваат на било каква промена во условите, правата и обврските од Договорот, во рамки на следните ограничувања:

- Зголемување на износот на кредитната рамка до 34.500.000,00 ЕУР;
- Продолжување на рокот на важност на кредитната рамка и краен рок на пристигнатост на побарувањата без ограничување;
- Промена во инструментите за обезбедување;
- Издавање на нови меници и менични изјави уредени во форма на нотарски акт;
- Засновање на заложно право врз нов предмет на залог без ограничување согласно условите утврдени во точка 3 и 4 од оваа Одлука (залог врз недвижен имот, парични побарувања, подвижни ствари, опрема за производство, хартии од вредност и др.)
- Прецизирање или корегирање на податоци за недвижниот имот и подвижните ствари кои претставуваат предмет на залог согласно оваа Одлука;
- Реструктуирање на побарувања од кредитната рамка и
- Сите дејствија околу пренесување на побарувањата на СТБ по основ на Договорот за мултивалутна кредитна рамка помеѓу СТБ и Макстил со број 18-В/3351 од 20.11.2014 година на друг доверител со или без надомест, за сите случаи.

7. Се утврдува дека наведената зделка како голема зделка, изнесува повеќе од 15 %, од книговодствената вредност на имотот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, па од тие причини согласно Статутот на Макстил АД Скопје е потребно истата да биде одобрена од страна на Собранието на акционери на друштвото.

8. Се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа (предлог) Одлука согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

9. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Собрание на Макстил АД Скопје**
**Претседавач,**

Акционерско друштво за производство и трговија со производи на црна металургија "МАКСТИЛ" СКОПЈЕ